Врз основа на член 87 став 2 од Законот за даноците на имот ("Службен весник на Република Македонија" бр. 61/2004), министерот за финансии донесува

# ПРАВИЛНИК за формата и содржината на легитимацијата на даночен инспектор

("Службен весник на Република Македонија" бр. 47/05 и 55/07)

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на легитимацијата на даночен инспектор.

Образецот на легитимацијата на даночниот инспектор е отпечатен кон овој правилник и е негов составен дел.

## Член 2

Образецот на легитимацијата на даночен инспектор се печати на бездрвна хартија со сино-бела боја, со димензии 6х9 см, заштитена со пластична фолија, кој е сместен во дводелен кожен повез.

На предната страна образецот на легитимацијата на даночен инспектор содржи натпис: Република Македонија, Општина ------------, или Град Скопје, ЛЕГИТИМАЦИЈА, ДАНОЧЕН ИНСПЕКТОР. На истата страна, во средината, има место за фотографија со димензии 2,5х3 см, а под неа се впишуваат податоци за: името и презимето на даночниот инспектор, регистарски број на легитимацијата, потпис на градоначалникот на општината или на градот Скопје и место за печат. Во долниот дел е отпечатен серискиот број на легитимацијата.

Задната страна на образецот на службената легитимација ги содржи грбот на Република Македонија и овластувањата на даночниот инспектор согласно Законот за даноците на имот низ кој е втиснат симболот на општината или градот Скопје.

## Член 3

Легитимацијата на даночен инспектор има важност се додека лицето на кое му е издадена има службено својство на даночен инспектор.

Даночниот инспектор на кој ќе му престане работниот однос во општинската администрациј, администрацијата на општините во градот Скопје или администрацијата на градот Скопје, или ќе му престане службеното својство на даночен инспектор ја враќа легитимацијата на општинската администрација.

**Член 4**

Во случај на губење на легитимацијата или на друг начин се остане без неа, даночниот инспектор веднаш ја известува општинската администрација, администрацијата на општините во градот Скопје или администрацијата на градот Скопје, ја огласува за неважечка на сопствен трошок, и му издава нова легитимација.

Градоначалникот на општината или градоначалникот на градот Скопје, во случаите од став 1 на овој член, издава нова легитимација.

**Член 5**

Легитимацијата на даночен испектор се заменува со нова кога заради оштетување или дотраеност ќе стане неупотреблива, како и кога имателот на легитимацијата ќе ги промени личните податоци.

**Член 6**

Легитимацијата на даночен испектор што се враќа или заменува се поништува.

**Член 7**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија, а ќе се применува од 1 јули 2005 година.

Република Македонија
**ОПШТИНА--------------------------------**
**ГРАД СКОПЈЕ**

**ЛЕГИТИМАЦИЈА**
**ДАНОЧЕН ИНСПЕКТОР**

**име и презиме**

**Регистерски број**

**Потпис на градоначалникот**
**М.П.**

**Сериски број:**

Предна страна на образецот

**ОВЛАСТУВАЊА**

**Даночниот инспектор со закон е овластен да врши проверка на состојбата и вредноста на недвижниот и подвижниот имот кој е предмет на оданочување и други работи утврдени со закон**

Задна страна на образецот